РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
БР. 04-1208/1
02.07. 2021 год.
КОЧАНИ

Врз основа на член 2 став 1), став 2) и став 3) од Уредбата за описите на категориите и нивоата на работните места на административните службеници („Сл.весник на РМ" бр.72/2014 и бр.147/2014), а во согласност на член 7 став (4) од Закон за користење на податоците од јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014), Секретарот на Општина Кочани, го донесе следното

# РЕШЕНИЕ

**за определување на контакт лица за отворени податоци од општина Кочани**

1. Административните службеници:
   - **Славица Даиткова** распоредена на работно место Соработник за подготовка на седници на Совет на Општина Кочани во Одделение за правни и општи работи во Сектор за правни јавни дејности и општи работи, и
   - **Дијана Апостолова Златкова** распоредена на работно место Советник за воведување, развој и експлоатација на ГИС, ГИС - Аналитичар во Одделение за гео информациони системи, Сектор за планирање и развој

**се определуваат за контакт лица задолжени за техничко прилагодување и објавување на податоците за нивно користење, нивно објавување на веб страницата на општина Кочани и за обврските за ажурност на каталогот (централен каталог на МИОА) на податоци на www.otvorenipodatoci.gov.mk, како и непречено извршување на обврските кои произлегуваат од Законот за користење на податоците од јавниот сектор.**

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

## *Образложение*

Согласно Закон за користење на податоците од јавниот сектор, Секретарот на Општина Кочани има обврска да определи лице за контакт, кое ќе е задолжено на извршување на работи и работни задачи кои произлегуваат од обврските кои произлегуваат од споменатиот закон.

Законот за користење на податоците од јавниот сектор ја уредува обврската на институциите, да објавуваат податоци кои ги создаваат во остварување на своите надлежности согласно закон, со цел да овозможат користење на тие податоци од страна на правни или физички лица за создавање на нови информации, содржини, апликации или услуги.

Имајки го предвид наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

***Правна поука:*** *Против Решението административниот службеник има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација, од денот на врачувањето на Решението.*

**Секретар на**
**Општина Кочани**
**Александар Јосифов**

Изготвил:
Драган Ананиев